multicultural communication

September 21, 1995
Macedonian

# Како да се спречи лошото третирање на старите лица

**(Preventing the Abuse of Elderly People)**

NSW HEALTH

**NSW Multicultural Health Communication Service**

website: www.http://mhcs.health.nsw.gov.au

e-mail: mhcs@doh.health.nsw.gov.au

phone: (02) 9382 8111

# Како да се спречи лошото третирање на старите лица

Кога синот на една невработена вдовица се всели во нејзината куќа, нудејќи ѝ да се грижи за неа, сето тоа изгледаќе како добра идеја. Но, набрзо после тоа синот ја натера мајка си да префрли големи суми на пари на негова сметка, за да може да си купи скап автомобил.

Една седумдесет годишна жена која што беше онеспособена од изливот на крв во мозокот, уживаше во неделните излети до дневниот центар за стари лица каде што можеше да се сретне со други луѓе. Кога одеднаш таа престана да оди таму и кога луѓето од центарот се загрижија, нејзиниот маж им рече дека е премногу болна за да доаѓа. Но кога координаторот на дневниот центар ја посети старата жена, откри дека мажот ѝ не и дозволува да излезе од куќата и дури дека ѝ забранува да го користи телефонот.

Еден 78-годишен човек кој страдаше од демнција (заболување кое предизвикува зашеметеност и губење на памтењето) живееше со жена си на која ѝ станувате сé потешко да се грижи за него. Неговите доктори почнаа да забележуваат дека тој често пати имаше модрици на лицето и рацете и открија дека таа го тепала.

Овие се примери за лошо третирање на стари лица во нашата заедница. Никој не знае точно колку е чест овој проблем затоа што тој е уште "поскриен" проблем од домашното насилство и злоставувањето на децата. Старите лица често се плашат да побараат помош или може и да не знаат кому да му се обратат. Злоставувањето на старите лица можеби е во пораст - тоа е делумно затоа што повеќе од луѓето живеат подолго и зависат од своите блиски да се грижат за нив.

Злоставувањето може да биде на разни начини. Може да биде финансиско злоставување каде што старите лица се присилени да им дадат пари или нешто што поседуваат на луѓето што се грижат за нив, на пример. Може тоа да биде и психолошко злоставување како третирање на старото лице како дете, понижување, застрашување или изолирање од семејството и пријателите.

Може исто така да биде и физичко злоставување како удирање, туркање или физичко ограничување на лицето. Понекогаш старите лица се занемарени од страна на оние кои се грижат за нив кои одбиваат да им даваат соодветна храна, дом, облека или здравствена нега. Понекогаш старите лица се сексуално злоставувани.

Зошто луѓето ги третираат старите лица на овој начин? Повеќето луѓе кои се грижат за постари лица, било тоа да се роднини или пријатели, сосема добро го прават тоа. Некои дури го жртвуваат и своето здравје и благосостојба за да се грижат за некој што го сакаат. Но водењето грижа са стари лица може понекогаш да биде тешко, особено ако лицето е зашеметено или чудно се однесува.

Некои луѓе не можат да се снајдат со ваквиот стрес и реагираат со тоа што ги повредуваат старите лица или физички или емотивно. Понекогаш проблемот е во тоа што лицето што води грижа за старите има емотивни проблеми или проблеми со алкохол или дроги.

Важно е старите лица кои се злоставувани да знаат дека не се осамени и дека може да им се помогне. Има неколку служби кои можат да им помогнат и на старите лица и на тие што се грижат за нив, а чувствуваат тешкотии. Тие можат да се обратат кај својот општ лекар или да побараат совет од етничкиот здравствен советник при најблискиот општествен здравствен центар - луѓето од тој центар можат да ги поврзат со етничкиот службеник одговорен за грижа за стари лица во нивната област. Тие можат да стапат во контакт со Aged Care Assessment Team (Тимот за проценка на можноста за грижа на стари лица) - тоа се здравствени работници кои ги има во многу болници, кои се школувани да им помагаат на старите лица и на тие што се грижат за нив во врска со разни проблеми.

Старите лица на кои некој им се заканува или се повредени физички, можат да се јават во полиција за да се организира заштита со Налог за заштита од насилство (Apprehended Violence Order). Овој налог служи како предупредување за да му се каже на лицето кое го прави злоставувањето, да не му се заканува или да не го повредува старото лице повторно.

Што ако се сомневате дека некој постар кого го познавате е лошо третирн?

Најпрво, зборувајте со лицето кое мислите дека е злоставувано и уверете се дека му треба помош - старите лица имаат право да решат дали им треба помош. Но ако се сомневате дека лицето е физички злоставувано или дека е затворено, обратете се до една од погорните служби за совет.